**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ЗА МАЈ 2009 ГОДИНА

**Јуни 2009 година**

## I. Зајакнување на институционалниот капацитет

1. Директорите на Царинските управи на Европскиот регион во рамките на Светската царинска организација, едногласно го прифатија предлогот за отварање на Регионален тренинг центар (РТЦ) на Светската царинска организација со седиште во Република Македонија.

   На 18-19 мај 2009 година во Берген, Норвешка се одржа Регионална конференција на директорите на Царинските управи од Европскиот регион во рамките на Светската царинска организација. На конференцијата присуствуваа 42 директори од Европскиот регион, меѓу кои и директорот на Царинската управа на Република Македонија. Состанокот претставува највисок форум на одлучување на директорите на Царинските управи, пред годишниот совет на директори на Царинските управи од целиот свет во Светската царинска организација, кој се одржува во јуни. На конференцијата, покрај многуте теми кои се однесуваа развојот на Царината во 21 век, се разговараше и за иницијативата за отворање на Регионален тренинг центар на Светската царинска организација со седиште во Скопје. После извршената презентација од страна на Царинската управа, на конференцијата на директорите едногласно беше усвоен предлогот за отварање на Регионален тренинг центар (РТЦ) на Светската царинска организација со седиште во Република Македонија. Формалното потврдување на Резолуцијата – документот треба да биде направено на седницата на Советот на Светската царинска организација која треба да се одржи кон крајот на јуни 2009 година.

2. Овој месец се донесе Упатството за користење и управување со службени возила на Царинската управа со кое се уредуваат постапките за чување, издавање и употреба на службени моторни возила во Царинската управа, нивната категоризација, евиденција, означување, одржување и поправка, вршењето надзор, начинот на користење на системот за глобално позиционирање, како и одговорноста на вработените.

3. Во мај 2009 година Царинската управа наплати вкупно 3.041,00 милиони денари на име буџетски приходи (49,9 милиони евра), што е 31 % помалку во однос на истиот период 2008 година.

   Од вкупно наплатените буџетски приходи по видови, на име царина и други царински давачки, во месец мај 2009 година наплатени се 504 милиони денари (8,3 милиони евра) што е за 8 % помалку од остварувањето во истиот период 2008 година.

   Приходите наплатени од ДДВ во мај 2009 година изнесуваат 2.428 милиони денари (39,8 милиони евра), што е 35 % помалку од оствареното во истиот период во 2008 година.

   Наплатените приходи од акциза, изнесуваат 84 милиони денари (1,4 милиони евра), што е еднакво на остварувањето во месец мај 2008 година.

   Наплатените приходи од надоместоци изнесуваат 25 милиони денари (409,8 илјади евра) кои во однос на мај 2008 година се 47 % повеќе приходи од надоместоци.

Во периодот јануари- мај 2009 година Царинската управа наплати вкупно 15.915 милиони денари (260,9 милиони евра) на име буџетски приходи, што е за 20 % помалку во однос на истиот период 2008 година.

Од вкупно наплатените буџетски приходи по видови, на име царина и други царински давачки, во периодот јануари - мај во 2009 година наплатени се 2.282 милиони денари (37,4 милиони евра) што е 6 % помалку од остварувањето во истиот период 2008 година.

Приходите наплатени од ДДВ во периодот јануари - мај 2009 година изнесуваат 13.186 милиони денари (216,2 милиони евра), што е 23 % помалку од оствареното во истиот период во 2008 година.

Наплатените приходи од акциза, во периодот јануари - мај 2009 година изнесуваат 346 милиони денари (5,7 милиони евра), што е 6 % помалку од истиот период во 2008 година.

Наплатените приходи од надоместоци во периодот јануари - мај 2009 година изнесуваат 100 милиони денари (1,6 милиони евра) кои во однос на истиот период 2008 година се 8 % повеќе приходи од надоместоци.

## II. Административен капацитет

4. Во мај 2009 година се одржаа 35 настани во вид на обуки, семинари и курсеви во вкупно времетраење од 2.340 часа, на кои учествуваа 271 царински службеници. Просечното времетрење на обука за вработените кои посетувале обука е 8,63 часа, додека просечното времетраење на обука за секој вработен е 2,12 часа.
   Во текот на првите 5 месеци одржани се вкупно 88 настани во вид на обуки, семинари и курсеви во вкупно времетраење од 4.667 часа на кои учествуваа 1.163 царински службеници. Просечното времетраење на обука за периодот јануари- мај 2009 година за вработените кои посетувале обука е 24,61 часа, додека просечното времетраење на обука за секој вработен за истиот период е 5,02 часа.

5. Меѓу другите, одржани се следните обуки, семинари и курсеви:

- во соработка со Амбасадата на САД во Скопје одржана е обука на тема „Менаџмент за безбедност на аеродромите“
- во соработка со Јавното обвинителство одржана е обука на тема „Управување со кривичните постапки против организиран криминал“
- Центарот за менаџмент консалтинг, образование и обука МОТИВА од Скопје спроведе " Обука за обучувачи".
- во соработка со Crown Agents беа одржани повеќе активности и тоа:
  - обука на тема "Приведување и задржување на лица во притвор";
  - работилница за воведување на „Инвеститори во луѓе“ за високото раководство;
  - обука за Користење на апликациите за автоматско препознавање на регистарски таблички и централна листа на осомничени како и презентација на проектот Таен клиент;
  - обука за користење на Националната база на податоци за царинска вредност на стока и Форум за прашања и одговори;
  - обука за Царинска етика

- во соработка со Управата за спречување на перење на пари беше одржан семинар на тема „Правна рамка и заштита на интересите на ЕУ”
- Семинар за секретарки и асистенти
- две идентични презентации на кои беше објаснето новото упатство за работното време.

Во текот на овој месец, царинските службеници присуствуваа на неколку меѓународни активности:

- Годишен состанок на координаторите на работни посети во рамки на програмата „Customs 2013“, кој се одржа во Аликанте, Шпанија;
- Студиска посета за ТАРИК моделот на Царинската администрација на Полска
- Обука за распознавање на оригинални и фалсификувани производи на компанијата JTI[1] во Триер, Германија
- Тренинг работилница во врска со CITES[2] конвенцијата се одржа во Долна Стубица, Хрватска
- Студиска посета со цел усогласување на предложениот софтвер за обработка на царински декларации со националните прописи
- Студиска посета со цел стекнување на знаења за имплементација на концептот за Овластен економски оператор во Утрехт, Холандија.

## III. Интегритет и борба против корупција

6. Во месец мај 2009 година, Секторот за професионална одговорност спроведе 11 внатрешни истраги во организационите единици на Царинската управа. Во 4 случаи е постапувано врз основа на поднесени поплаки преку отворената телефонска линија 197. Во 2 случаи е постапувано согласно доставени информации од Секторот за контрола и истраги и царинските испостави. По дадени наредби за спроведување истраги од Кабинетот на директорот извршени се контроли за начинот на постапување и преземање процесни дејствија од страна на Одделението за царинско управна постапка за 1 судски спор и 1 контрола за ненавремено преземање на дејствија на донесување на решение од страна на Комисијата за одлучување по царински прекршок. Исто така извршени се 2 контроли за постапувањето на царинските службеници по обврските од договорите за вработување и 1 истрага за ненавремено процесирање на договор за пристап кон МАКЦИС.

   По завршувањето на истрагите изготвени се 9 извештаи со заклучоци во кои се основани сомненијата дека царинските службеници работеле спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс и 2 извештаи во кои не е утврдено работење на царинските службеници кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

   Во истиот месец, реализирани се 5 дисциплински постапки против 5 царински службеници, при што е изречен престанок на работен однос на двајца царински службеници, две парични казни и една дисциплинска постапка е запрена.

---

[1] Japan Tobacco Industry

[2] Convention on International Trade in Endanger Species

Во месец мај извршени се редовни внатрешни инспекции во царинските испостави Терминал увоз Скопје и Тетово и изготвени се 2 конечни извештаи. Извршена е контрола за ненаплатениот царински долг за трговското друштво Елбо од Скопје за што е составен 1 извештај.

Направени се две контроли за спредување на царинските вредности помеѓу различни трговски друштва за увоз на стоките гуми за моторни возила и клима уреди. Исто така направена е контрола на начинот на отпишување на стоките во дадените одобренија за увоз на пиротехнички производи во ЦИ Терминал увоз Скопје и ЦИ Деве Баир –оддел за стоков промет.

За направените контроли изготвени се вкупно 6 извештаи, кои се доставени до надлежните раководители и Секторот за контрола и истраги.

7. Во мај 2009 година се спроведени 3 внатрешни ревизии: Ревизија на придржувањето кон антикорупциските регулативи на Царинската управа; Ревизија на отпишаните побарувања по основ на МАКЦИС заклучно со 31.12.2008 година и Ревизија на процесот на користење и управување на службените возила на Царинската управа.

## IV. Транспарентност

8. Во мај 2009 година преку отворената царинска телефонска линија (број 197) се примени вкупно 4.643 повика или во просек 160 повици на ден и тоа:

- 9 повици се А класа ( информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по кои се превземени,
- 7 повици се В класа (информации кои барааат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа), проследени до одделение за разузнавање и истраги за дополнителна обработка,
- 26 повици Ј класа (информации проследени до Сектор за професионална одговорност, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници) најчести беа жалбите за застој и гужва. Од досегашните анализи констатирано е дека само 10% од овие информации имаат завршница, додека останатите 90% не содржат доволно податоци за покренување на истрага и се оквалификувани како неосновани.

До Гранична полиција се упатени 73 барања за асистенција, проверка на лица/возила за остварен влез или излез, при што одговор е добиен на 29 барања. До Дежурниот центар за состојби при Бирото за безбедност на Министерството за внатрешни работи упатено е 1 барање и добиен е соодветен одговор на нив.

9. Во мај 2009 година на официјалната интернет страна на Царинската управа објавени се 96 информации на македонски, англиски и албански јазик, додека на интранет порталот континуирано се објавуваат информации за вработените во Царинската управа.

## V. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

10. Врз основа на разузнавачки информации и анализа на ризикот, специјалните мобилни единици на Царинската управа во мај 2009 година извршија преглед на 320 камиони, 201 автобус, 180 патнички моторни возила или на вкупно 701 возило на граничните премини и во внатрешноста, а Службата за мобилни скенери изврши 1.037 скенирања на 916 товарни моторни возила, 50 автобуси и 69 патнички моторни возила при што се запленети разни стоки (акцизна стока, текстил, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки).

    Истовремено, и царинските службеници на граничните премини и во внатрешните царински испостави спречија повеќе обиди за криумчарење, при што се запленети над 73.829 парчиња трговски стоки или над 100 видови трговски стоки и непријавени девизни средства: 36.000 парчиња прехрамбени производи, 12.000 парчиња делови за сигурносни појаси, 8.000 парчиња цигари, 6.550 парчиња разновидни текстилни производи, 5.175,00 англиски фунти (странска валута), 2.252 парчиња бижутерија и значителна количина најразновидни производи за домаќинство и индустрија.

11. За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа се доставени 104 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои: 21 барање по прекршочна пријава за возила доставени од МВР, 7 барања по записник за царински прекршок доставени од Секторот за контрола и истраги при Царинската управа, 45 барања по записник за царински прекршок доставени од царинските испостави, 2 се вратени предмети од Основните судови кои со решенија се огласуваат за ненадлежни, 1 барање за царински прекршок од ОЈО Куманово и 28 новопримени барања во Царинарница Битола. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа во мај 2009 година реши 42 предмети во редовна и итна постапка и за истите изрече глоба во вкупен износ од 4 милион денари (околу 65 илјади евра) и ја одзеде стоката предмет на царински прекршок.

12. Во текот на мај Царинската управа издаде 210 покани за плаќање на глоба, односно изрече мандатни казни на сторителите на царински прекршоци во вкупен износ од околу 2 милиони денари (околу 32,3 илјади евра).

13. Во мај 2009 година Царинската управа донесе 167 решенија за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 14,7 милиони денари (околу 242 илјади евра).

14. Во овој месец се извршени дополнителни контроли по разни основи во 9 трговски друштва, врз основа на кои се изготвени 116 предлози за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 2,7 милиони денари (околу 44 илјади евра).

15. Царинската управа до основните јавни обвинителства, во текот на мај поднесе 8 пријави за покренување за кривична постапка против 8 физички лица и 5 правни лица.
    Основите за поднесување на кривични пријави во мај 2009 година се следните:
    - криумчарење - 1 кривична пријава против 1 физичко лице

- неовластено производство и промет со наркотици - 1 кривична пријава против 1 физичко лице
- транспорт и промет со акцизна стока без бандероли -1 кривична пријава против 1 физичко лице
- царинска измама - 5 кривични пријави против 5 физички лица и 5 правни лица.

Вкупната вредност на стоката предмет на кривично дело изнесува 1,9 милиони денари (околу 31 илјада евра), ненаплатените односно избегнатите царински давачки изнесуваат 9, 9 милиони денари (околу 163 илјади евра).

16. Во мај 2009 година Царинската управа интервенираше во 12 случаи на обиди за повреда на право од интелектуална сопственост и привремено задржа 9.179 парчиња различна стока поради основано сомневање дека се работи за фалсификувани трговски марки.

    Најголем дел од привремено задржаната стока ја сочинуваат:
    - 3.084 пара патики
    - 1.836 пара чорапи
    - 1.440 парчиња бермуди
    - 1.341 парчиња маици
    - 639 парчиња долен веш
    - 365 парчиња наочари за сонце
    - 244 парчиња парфеми
    - 140 парчиња детски комплети
    - 90 парчиња детски тренерки (долен дел)

    Во месец мај Царинска управа постапила по службена должност во 4 случаи, од кои за 1 случај не беше поднесено барање за превземање на царински дејства од носителот на право.

    Во периодот од 01.05.2009 до 31.05.2009 година се примени пет барања за преземање на царински дејства според Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост и тоа за трговската марка: MABELLA, CAMILL, GOVEĐI GULAŠ, PALMOLIVE и KOLYNOS.

    Во мај 2009 година се донесени одобренија за уништување за 19.845 парчиња стока предмет на повреда на право од интелектуална сопственост и тоа за следните трговски марки NIKE патики, тренерки и чорапи: MERCEDES резервни делови; CACHAREL - AMOR - AMOR парфеми; EMPORIO ARMANI и HUGO BOSS парфеми; NOKIA и SONY ERICSSON маски, футроли и слушалки.

## V. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

17. Во рамките на Вториот состанок на Поткомитетот за царина и потекло на стоки од ЦЕФТА 2006 Договорот за слободна трговија, кој се одржа на 11 и 12 мај 2009 година во Белград, Директорот на Царинската управа на Република Македонија одржа презентација на EXIM – Едношалтерски систем за извозни, увозни и транзитни дозволи и тарифни квоти, односно за Single Window концептот што го користи Царинската управа. На презентацијата присуствуваа претставници на земјите од ЦЕФТА 2006 – Албанија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора и Хрватска кои имаа можност да се запознаат со искуствата и можностите кои

произлегуваат од користењето на овој систем, бројот и видовите на дозволи што се издаваат преку овој систем, како и бројот на министерства и институции кои се корисници на овој систем.

На Поткомитет беше разговарано и за подобрување и унапредување на царинската соработка, размена на информации за движењето на стоките и можности за зголемување на административниот капацитет на Царинските управи.

18. На 13 мај 2009 година, од името на Владата на САД, Амбасадорот Филип Рикер изврши примопредавање на опрема наменета за зајакнување на капацитетите на Царинската управа за попречување на нелегални активности. Донирана е опрема за откривање на радиоактивно зрачење, компјутерска и канцелариска опрема, како и други помошни средства за работа на царинските мобилни тимови, во вредноост од околу 150.000,00 американски долари.

19. Во периодот од 21 - 23 мај 2009 година во Охрид се одржа Деветтиот конгрес на шпедитери и логистички оператори од Југоисточна Европа, на кој презентација на тема „Придонесот на царината за унапредување на транспортот на стока преку граничните премини" одржа директорот на Царинската управа на Република Македонија.

20. Во рамките на проектот на ЕУ ТАСТА (Technical Assistance to Customs and Tax Administrations - Техничка помош на царинските и даночните администрации), а во организација на Конзорциумот ITACTA и Царинската управа на Република Македонија, на 28 и 29 мај 2009 година во Скопје се одржа Петтиот регионален координативен форум. На форумот присуствуваа директорите на царинските служби од Република Македонија и државите од Западен Балкан, корисничкi на помошта - Албанија, Босна и Херцеговина, Косово (согласно Резолуцијата на ОН 1244), Србија и Црна Гора, како и претставници на Генералниот Директорат за проширување, Генералниот Директорат за даноци и Царинска унија при Европската комисија и членови на делегацијата на Европската Комисија во Македонија. Генералните директори на состанокот усвоија заклучоци со кои ја искажаа својта заложба за засилување на взаемната соработка на полето на електронската размена на информации и поврзувањето на царинските информациски системи, понатамошно испитување, каде за тоа постојат услови, на можностите за заеднички и взаемни контроли, како и понатмошна соработка на ниво на експерти од интерес за царинските прашања во регионот.

Проектот ТАСТА обезбедува помош за модернизација на организационата структура и царинското работење, поддржува развој на нови стратегии во борбата против царинските измами и недозволената трговија. Регионалната соработка е еден од основните столбови на Проектот, а постојаниот дијалог помеѓу царинските служби на државите од Западен Балкан овозможува подобрување на институционалната соработка на царинските служби.